ПРИЛОГ 8 – ПРОЦЕДУРИ

## 1. Процедура за обезбедување на услугата

1.1. Операторот-корисник доставува барање за пристап и користење на кабелската инсталација и придружната инфраструктура до Македонски Телеком АД како што е опишано во точка IV.2 од Главниот текст на оваа Понуда.

1.2. Барањето треба да ги содржи минимум следните информации:

а) географска локација на точките кои што е потребно да бидат поврзани.

б) потребниот канален простор кој сака Операторот-корисник да го користи;

в) времето за кое што Операторот-корисник е заинтересиран да го користи ресурсот од кабелската инсталација.

1.3. Македонски Телеком АД треба во рок од 3 дена од приемот на Индивидуалното барање, да му одговори на Операторот-корисник за (не) постоењето на технички можности за реализација на барањето. Ако не постојат информации за техничките параметри и слободниот простор во информациониот систем за областа за која Операторот- корисник поднесол барање за пристап, тогаш Македонски Телеком АД е должен во рок од 10 дена од приемот на барањето со спроведување на неопходното истражување со цел да ги обезбеди неопходните информации. Доколку Македонски Телеком АД не одговори на барањето во рок од 10 дена од денот на поднесување на барањето, ќе се смета дека го одбил барањето и можноста за склучување на договор за пристап до кабелска канализација и придружната инфраструктура.

1.4. Доколку Македонски Телеком АД утврди дека има слободен простор на целата предметна траса за користење на кабелската инсталација, тогаш во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето Македонски Телеком АД треба да склучи Индивидуален Договор со Операторот-корисник за пристап до кабелската инсталација и придружната инфраструктура.

1.5. Доколку Македонски Телеком АД утврди дека има слободен простор само на определен сегмент од предметна траса за користење на кабелската инсталација, Македонски Телеком АД и Операторот-корисник ќе продолжат со усогласување на индивидуалното барање. Во процесот на усогласувањето Операторот-корисник може да прифати обезбедување на пристап само на достапниот сегмент на кабелски канали, а за сегментот каде нема слободен простор Операторот-корисник може да побара од Македонски Телеком АД обезбедување на алтернативни патишта со комерцијални продукти од Македонски Телеком АД или операторот-корисник да си ги обезбеди алтернативните патишта.

1.6. Составен дел на договорот е техничко решение во .dwg формат или други формати за кои ќе се согласат двете Страни.

1.7. Техничкото решение кое Македонски Телеком АД го доставува до операторот – корисник содржи:

а) опис на техничкото решение за предметното барање;

б) состојба на слободен простор во кабелската инсталација на предметната траса, а доколку е потребно и број и типот на каналите помеѓу окната на предметната траса

в) локација на сите кабелски окна каде ќе поминуваат каблите на операторот-корисник;

г) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на каблите за потребите на Операторот – корисник;

д) попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на под – каналите и останати работи како поправање и проширување на кабелска инсталација за потребите на Операторот – корисник..

1.8. Трошоците за материјалите и инсталационите работи за вовлекување на цевки или микроцевки по барање на операторот корисник ги сноси Операторот- корисник. Македонски Телеком АД е должен во Договорот за пристап на кабелски канали да обезбеди начин за рефундирање на тие трошоци, кој во себе ќе го вклучува и рокот за рефундирање на средствата. Сите овие вовлечени цевки и микроцевки остануваат во сопственост на Македонски Телеком АД. Кабелот вовлечен во цевките на Македонски Телеком АД се обезбедува на трошок на Операторот-корисник и истиот останува во негова сопственост.

**1.9.** Доколку Операторот-корисник го раскине Договорот за определна траса каде е поставен неговиот кабел, Операторот-корисник може да побара од Македонски Телеком АД да не го отстранува кабелот и истиот да му го отстапи на Македонски Телеком АД за определен надомест, со взаемна согласност. Исто така, Операторот-корисник може да побара од Македонски Телеком АД да ги отстрани неговите кабли за соодветен надомест на комерцијална основа.

## 2. Управување, одржување и отстранување на пречки

### 2.1. Општи услови за управување

**2.1.1** Страните ќе направат заедничка листа како Додаток на Договорот кој ќе ги вклучува задачите, исто така името и презимето, адресата, e-mail адресата, телефонот и доколку е потребно и бројот на факсот на лицата за контакт.

**2.1.2** Во случај на измени, Страните се должни веднаш да ја ажурираат листата.

### 2.2. Процес на одржување и отстранување на пречки

**2.2.1** Страните го уредуваат работењето на службата за континуирано справување со пречки во работно време, а по потреба и вон работно време, по комерцијални услови.

**2.2.2** Секоја пречка во кабелските канали што е пријавена за време на работно време на Македонски Телеком АД (од 8.00 до 16.00 часот) во работен ден, Македонски Телеком АД ќе настојува да ја идентификува во истиот работен ден или најдоцна во рок од 24 часа од времето на пријавување (во рамките на следниот работен ден). Доколку е потребно заедничко локализирање на пречката, Операторот-корисник треба да соработува. Процесот на отстранување на пречката настапува веднаш после локализирањето на пречката. Поради специфичноста на отстранувањето на пречките во кабелските канали (повреда од градежни работи, насилно влегување во каналите) времето на отстранувањето на пречката ќе зависи од надворешните услови кои се потребни за да се отстрани пречката. Во секој случај, кабелските канали се користат во заедничка употреба за Македонски Телеком АД и Операторот-корисник и Македонски Телеком АД секогаш ќе настојува да ги отстрани пречките во најкраткиот временски период за целата кабелска инфраструктура. Притоа, Македонски Телеком АД ги третира и санира кабловските инсталации и инфраструктура која е предмет на овој Договор на ист и недискриминирачки начин како кабловските инсталации и инфраструктура кои ги користи за сопствени потреби.

**2.2.3** Македонски Телеком АД треба да дејствува на отстранување на пречката само доколку пријавата за пречка е пополнета согласно спецификацијата наведена во соодветна пријава .

**2.2.4** Во пријава на пречка треба да бидат наведени следните податоци : датум и време на пријава на пречка од Операторот-корисник, индивидуален идентификатор генериран за време на обезбедувањето на услугата, појавувањето на пречката, и резултатот од локализирањето на истата.

**2.2.5** Македонски Телеком АД ја заведува пријавената пречка од Операторот-корисник на пријава на пречка. Во времето на прием на пријава на пречка ќе се заведе датумот и времето на успешниот прием на истата. Од тој момент отстранувањето на пречката е одговорност на Македонски Телеком АД.

**2.2.6** Македонски Телеком АД може да му фактурира на Операторот-корисник за извршеното отстранување на пречка само доколку истата е пријавена од страна на Операторот-корисник и е предизвикана од Операторот-корисник и не претставува дел од групна пречка или пречка на целата траса од мрежа на Македонски Телеком АД.

**2.2.7** Доколку Операторот-корисник не упати забелешка кон Македонски Телеком АД во рок од 2 (два) дена во врска со пријава на пречка или не даде никаква изјава во однос на отстранувањето на пречката во рок од 2 (два) дена по приемот на затворената пријава за пречка , Македонски Телеком АД ќе смета дека пречката е отстранета и дека истата е прифатена од Операторот-корисник.

**2.2.8** Во случај на спротивставени мислења за локацијата на пречката, Страните ќе извршат заедничко испитување.

**2.2.9** Испадот на системот кој се случил како резултат на виша сила нема да се смета како дел од времето за отстранување на пречката.

### 2.3. Планирано Одржување

**2.3.1** Страните гарантираат дека нивните електронски комуникациски мрежи и уреди одговараат за соодветна употреба и се соодветно одржувани.

**2.3.2** Планираното Одржување значи дека Услугата е прекината за цели на одржување, обновување, проширување или слични соодветни активности координирани од Страните со претходен распоред.

**2.3.3** Планираното Одржување нема да трае повеќе од 10 (десет) дена за одредена прилика. Страната која дала иницијатива ќе поднесе известување за планираното одржување 5 (пет) дена однапред и Страните навремено ќе се договорат за неопходните подготовки и за одржувањето на контакти во текот на работата.